SILK ROAD BANK

## СИЛК РОУД БАНКА СО АКТИВНО УЧЕСТВО ВО КАМПАЊАТА „ПОМИСЛЕТЕ И НА НАС“

Вработените во Силк Роуд Банка АД Скопје по повод светскиот Ден на гладта, во соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија активно учествуваа во кампањата „Помислете и на нас“ којашто се спроведува во рамките на неделата за борба против гладта, при што беа донирани прехранбени производи и финансиски средства за најранливите категории на граѓани.

Обезбедени се пакети на производи, наменети за социјално загрозените граѓани и семејства и истите ќе бидат дистрибуирани од страна на Црвен крст .

Силк Роуд Банка АД Скопје како општествено одговорна компанија секогаш се труди да им излезе во пресрет и да им помогне на оние на кои што помошта им е најпотребна со цел подобрување на нивните услови за живот, а особено сега во време кога сме соочени сите заедно со предизвиците што со себе ги носи ковид-19 пандемијата низ целиот свет и во нашата држава.

